**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1203 – 220/7**
**Скопје, 14.06. 2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Кавадарци за 2006 година, кои се прикажани на страните од 13 до 15

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Кавадарци за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Панчо Минов, Градоначалник на општина Кавадарци во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 12 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 21.03. до 23.04.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 08 – 1809/1 од 06.06.2007 година примени се забелешки по Предходниот извештај - сметка на Органот на општина Кавадарци од Градоначалникот на општина Кавадарци. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- За забелешките на наодите од точките 10.1.1.;10.1.2.;10.1.3.;10.2.2.; 10.3.3.;10.4.1.;10.4.4.; 10.4.7.; 10.5.3. и 10.5.4. од Предходниот извештај, ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, за нивно прифаќање поради што истите се одбиени.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**11.1.1. Процес на јавни набавки**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на јавни набавки ревизијата констатира дека истиот не гарантира јавност и транспарентност. Ова од причина што:

- не постојат пишани процедури во делот на планирањето и спроведување на јавните набавки;
- не е извршено разграничување на надлежностите на градоначалникот и раководителите на сектори во услови кога градоначалникот е претседател на комисијата, а тие се членови на комисијата;
- членовите на комисијата не потпишуваат изјави за непостоење на конфликт на интереси, и
- сето ова во услови кога во општината не функционира односно нема внатрешен ревизор.

**Препорака:**
За обезбедување поголема транспарентност во процесот на јавни набавки и јавност градоначалникот да назначи комисија составена од стручни лица од редот на вработените, раководејќи се од начелото на поделба на надлежностите.

**11.1.2. Процес на плаќање**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли неможат да спречат ризик и тоа:

- плаќање по документација за непримени стоки и извршени услуги;
- плаќање по некомплетна и уредно не ликвидирана документација, и
- можност за располагање со парични средства без одобрение од овластено лице.

Причина за овие ризици е непостоењето на пишани процедури за движење на документацијата, упатство за благајничко работење, немање на овластен сметководител, нема назначено лице за уредно ликвидирање на документацијата и непостоење на разграничување на надлежностите што придонесува да се вршат плаќања по документација која не е уредно ликвидирана и комплетна.

**Препорака:**

Ревизијата препорачува надлежните служби на општина Кавадарци да изготват пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање.

Градоначалникот да назначи одговорно лице за уредно ликвидирање на фактурите пред нивно одобрување за плаќање.

За време на ревизијата е донесен Правилник за движење на сметководствената документација во процесот на безготовинско и готовинско плаќање;

### 11.1.3. Процес на плати

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на исплата на плати на вработените во административните органи на општина Кавадарци ревизијата констатира дека постои ризик исплатените плати да не се резултат на вистински извршена работа (присутност на работа). Причина за овие ризици е непостоење на пишани процедури за разграничување на овластувањата при одобрување на месечните прегледи за присуство и отсуство од работа на вработените.

Само Образецот ПДД-МП е потпишан од градоначалникот.

Ревизијата констатира дека пресметката на плати за 2006 година се врши на основа Правилник за пресметка на плати од 2002 година. Вработените во општината се стекнале со статус на државни службеници во месец септември 2005 година и требало пресметката на плати за 2006 година да се врши според критериумите за плати пропишани со Законот за државни службеници. Во 2007 година надлежните во општината имаат издадено решенија за пресметување на плати според Законот за државни службеници со што е надмината состојбата присутна при исплата на плати во 2006 година.

**Препорака:**

Да се изготват интерни пишани процедури во кој ќе има јасна поделба на надлежностите и овластувањата во смисла на тоа кое лице треба да изготвува, кое лице контролира, кое лице одобрува документација во врска со присуството на вработените на работа, пресметката и исплатата на платите.

### 11.2. Неправилна примена на актите

11.2.1. Општина Кавадарци во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/43 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Кавадарци врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. Во врска со имотот со кој располага и е сопственост на општината нема обезбедено имотни листи од Државниот завод за геодетски работи Одделение за премер и катастар Кавадарци. Причина за тоа е неажурноста на надлежните служби во општина Кавадарци. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2006 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината. Во текот на ревизијата општина Кавадарци има доставено допис до Државниот завод за геодетски работи Одделение за премер и катастер Кавадарци со што е побарано да се достават до општината имотни листи за имотот на општината како би можел истиот да биде евидентиран.

**Препорака:**

Бидејќи општината не располага со имотните листи за целокупниот имот, треба на основа податоците за имотот со кој располага, а кој е добиен со решенијата од Владата на Република Македонија и други акти да изврши вонбилансно евидентирање на истиот.

11.2.2. Општина Кавадарци има набавено патничко возило за потребите на општината по договор за лизинг бр.03-461/1 од 18.10.2005 година во износ од 3.153 илјади денари. На име учество платен е износ од 943 илјади денари, а остатокот од 2.210 илјади денари, кој се состои од остаток на главен долг од 1.752 илјади денари и камата во износ од 458 илјади денари е договорено да се плати на 36 месечни рати почнувајќи од 18.11.2005 до 18.10.2008 година.
За набавка со долгорочно задолжување не се исполнети одредбите од член 50 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за локална самоуправа. Непочитувањето на законските одредби во делот на задолжување на општината придонесува да општината се доведе во состојба да не може да ги остварува своите основи функции и да се задолжи спротивно на законските прописи.
**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице за извршување на Буџетот е должен да презема активности согласно законските одредби и според реалните можности на општината без да создава долгови за идни периоди.

**11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. За 2006 година не е пресметана амортизација на набавната вредност на материјалните средства што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за тоа е непримената на одредбите од претходно споменатите прописи, а ефекот е нереално утврдена и искажана исправка на вредноста и сегашна вредност на материјалните средства на 31.12.2006 година.
**Препорака:**
Согласно законските прописи надлежните во општината се должни да вршат пресметка на амортизацијата на материјалните средства.

11.3.2. При исплата на надоместок за храринина на вработените не им е задржувано за деновите кога истите биле службено отсутни и за тоа добивале соодветен надоместок во вид на дневници или отсуствувале од работа од други причини, што е спротивно на Законот за државни службеници и Одлуката за извршување на Буџетот на општина Кавадарци за 2006 година. Причина за тоа е непочитувањето на претходно споменатите прописи и има за резултат неосновано трошење на средствата на Буџетот и нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Исплатата на овој вид надоместок да се врши согласно позитивните прописи, за вработените на кои им следи овој вид надоместок.

11.3.3. За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите и резервни делови нема утврдено конзистентна сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Тоа се јавува поради не примена на одредбите од претходно споменатиот пропис. Не се изготвува приемници при приемот и испратници на основа требувањата од пооделните оделенија и служби на општината. Не евидентирањето на приемот и издавањето на материјалите

придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење.

**Препорака:**

Набавката на материјали треба да се регулира со општ акт со кој:
- ќе се утврди потребата за набавка;
- ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице;
- ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатници/требување.

11.3.4. Општина Кавадарци нема утврдено сметководствена политика за евидентирање на издавањето и користењето на верна картичките. Истите не се евидентираат како Побарувања од вработените за дадени аванси и на соодветната пасивна сметка, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. На овој начин се создаваат услови за ненавремено раздолжување на лицата кои подигнале верна картички и придонесуваат до нереално проценување на билансните позиции.

**Препорака:**

Општината да донесе интерен акт со кој ќе се утврдат можните корисници на Верна картички и за користењето на истата да воведе соодветна евиденција.

11.3.5. Кај благајничкото работење постапувано е спротивно на Законот за платен промет и одредбите за благајничко работење, и ревизијата ги утврди следниве неправилности:

- надлежните во општината немаат донесено акт за благајнички максимум;
- вршена е исплата на поголеми износи од 100 евра во денарска противвредност;
- за исплатените средства од благајната се изготвува каса исплати на која нема потпис од лицето кое ги примило парите со што не може да се потврди дека наведените лица ги примиле парите;
- исплата на трошоци за службени патувања во земјата и странство се врши врз основа налози за службено патување кои не се уредно ликвидирани и потпишани од ликвидатор и од раководител на сметководството.

Ова е резултат на долго применувана пракса, поради тоа што општината нема определено ликвидатор и одговорен сметководител, како и поради невоспоставен систем на интерни контроли и процедури.

Наведените неправилности создаваат можности за нереално искажување и користење на паричните средства од благајната и можни злоупотреби.

**Препорака:**

- надлежните органи да донесат одлука со која ќе ја утврдат височината на благајничкиот максимум;
- поединечните исплати од благајната да не бидат повисоки од дозволените, и
- да се донесе акт за благајничко работење во склад со позитивните законски прописи.

### 11.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.4.1. Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи, е искажана во поголем износ од 438 илјади денари, поради исплата на поголеми износи на плати и надоместоци и тоа:

- за повеќе исплатена плата на градоначалникот за 2006 година во износ од 42 илјади денари;
- за повеќе исплатени надоместоци на советниците и претседателот на советот за учество на седниците на Советот одржани во периодот од февруари до септември 2006 година, во вкупен износ од 238 илјади денари, поради исплата на поголем износ

од износот кој претставува 30% од просекот на плати исплатен во претходните три месеци по одржана седница, што е спротивно на Законот за локална самоуправа;
- за повеќе исплатени дневници на советниците-членови на одборите и комисиите во вкупен износ од 158 илјади денари, поради исплата на дневница спротивно на Законот за државни службеници;
На исплатените надоместоци е пресметан и платен персонален данок во вкупен износ од 70 илјади денари.
Ефектот од таквиот начин на исплата е ненаменско и незаконско трошење на средствата на општината и нереално зголемени расходи.
Од 2007 година исплатата на плата на градоначалникот се врши во рамки на законот, а со одлука од месец октомври 2006 година исплатата на надоместоците на советниците и претседателот на советот е утврдено да се врши во износите кои се утврдени со позитивните законски прописи во Република Македонија.
**Препорака:**
За незаконски исплатените парични средства надлежните органи на општината да превземат мерки за враќање на истите.

11.4.2. На групата Стоки и услуги се искажани расходи во поголем износ од 621 илјада денари, поради неоснована исплата на дневници на Градоначалникот на општина Кавадарци за учество на комисии и исплатениот персонален данок на овие исплати, што е спротивно на Законот за платите и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Законот за локална самоуправа. Има појава во еден ден Градоначалникот да присуствувал во работата на неколку комисии (три или четири) и за истиот ден да му се исплатени и толкав број на дневници. Комисиите се работни тела на Советот на општината составени од членови на Советот кои работат и одлучуваат независно. Ефектот од ваквиот начин на постапување е ненаменско и незаконско трошење на средствата на Буџетот и нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
За незаконски исплатените парични средства надлежните органи на општината да превземат мерки за враќање на истите.

11.4.3. Присутна пракса во работењето на градоначалникот била да користи сопствено возило за службени цели и во деновите кога службените возила биле слободни, за што во 2006 година се пресметани и исплатени парични средства во износ од 284 илјади денари што претставува износ утврден како 30% од цената на бензинот по изминат километар. За ваквите исплати нема донесено одлука од надлежен орган, кога и во кој случај може да се користи приватно возило за службени цели. Користењето на овој вид на превоз создава дополнителни расходи за буџетот на општината. Исплатата на дел од средствата за оваа намена е вршена и од средствата на резервите кои согласно законските одредби можат да се користат за непланирани или помалку планирани расходи.
**Препорака:**
При службени патувања на градоначалникот и вработените во општинската администрација да се користи превоз со службени возила, кој за тоа и се набавени, а не да се користи сопствено возило бидејќи доведува до непотребно зголемување на расходите.

11.4.4. Од средствата на општината вршена е исплата на еднократна парична помош на лозаропроизводителите од општина Кавадарци од по 4.500,00 денари, за побарувања кој истите ги имаат за неисплатеното грозје од реколтата 2005 година од Агрокомбинатот Тиквеш Кавадарци. Истото е вршено на основ Заклучок од Советот на општина Кавадарци број 07-2911 од 25.12.2005 година и издадените решенија од Градоначалникот. По овој основ исплатени се 859 илјади денари на 191 лице, без

реално утврдени критериуми. По повод неисплатата на предаденото грозје, а во врска со организираниот штрајк, од страна на надлежните во општината исплатувани се и разни расходи на штрајкувачите како дежурства, сендвичи и слично во износ од 334 илјади денари или по овој основ извршена е исплата во вкупен износ од 1.193 илјади денари. Ваквите активности не се надлежност на општината и се спротивни на Законот за локална самоуправа. Ефектот од тоа е незаконска и ненаменска исплата на средства од Буџетот на општина Кавадарци.

**Препорака:**

Да не се вршат исплати од средства на Буџетот на општината спротивно на позитивните законски прописи и пропишаните надлежностите на општината.

11.4.5. На сметките од групата за капитални расходи, на кој се искажани расходи во вкупен износ од 49.984 илјади денари, за дел од истите при плаќањето не се наведува по која фактура, ситуација се врши истото, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради тоа е отежнато следењето на плаќањето на обврски кој се евидентирани на сметката Обврски спрема добавувачите. Ефектот од таквиот начин на плаќање на обврските и евидентирање на расходите е неможноста да се следат состојбите на обврските спрема добавувачите и со сигурност да се знае дека се плаќаат токму евидентираните обврски по пооделни фактури и ситуации.

**Препорака:**

При плаќање на обврските да се наведува документацијата со број и опис, по која се врши плаќањето.

11.4.6. Општина Кавадарци има ангажирано лица за извршување на работи со кој има склучено договори за дело од 2005 и 2006 година. На истите во 2006 година е исплатен износ на надоместок од 2.140 илјади денари за кој е пресметан и платен само персонален данок на доход. За времено ангажираните лица, надлежните во општината, почнувајќи од 23 април 2006 година биле должни да постапат согласно Законот за агенциите за привремени вработувања со што ангажирањето на овие лица ќе го усогласат со истиот. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во сметководството и Билансот на приходи и расходи за 2006 година.

**Препорака:**

Во целост да се применуваат одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања.

11.4.7. Општина Кавадарци во 2006 година има вршено директни набавки на инвестициони материјали во вкупен износ од 3.519 илјади денари.
Набавката на инвестициони материјали и немањето материјална евиденција за истите е спротивно на Законот за локална самоуправа и Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за оваа појава е дологогодишната воспоставена пракса. Несодветното ракување со залихите на материјали може да доведе до зголемени трошоци и можни злоупотреби.

**Препорака:**

Уредувањето, изградбата, одржувањето на инфраструктурните објекти за кои е задолжена општината да се довери на субјекти избрани со постапки утврдени со Законот.

### 11.5. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

11.5.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Кавадарци со состојба на 31.12.2006 година не е извршен во целост бидејќи не го опфаќа имотот добиен со превземањето на противпожарната единица, имотот на општина Конопиште

која со новата организација на локалната самоуправа е припоена кон општина Кавадарци, не е извршен попис на имотот добиен со решението бр. 23-257/43 од 08.02.2000 година и не е извршен попис на обврските со состојба на 31.12.2006 година. Истото не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Нецелосното согледување на состојбата на имотот на општината и не спроведување на потребните подготвителни работи за извршување на пописот, придонесува искажаната состојба на средствата и обврските на 31.12.2006 година да не ја претставува реалната состојба на истите и доведува до нереални финансиски извештаи.
За време на ревизијата е донесен Правилник за вршење на попис на средствата, обврските и побарувањата.

**Препорака:**

Надлежните органи во општина Кавадарци да превземат активности за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата согласно активностите пропишани во донесениот Правилник, и нивно евидентирање во книговодството со што ќе се добие реална состојба на имотот кој е сопственост на општината.

11.5.2. На позицијата Обврски спрема добавувачите на 31.12.2006 година е искажана состојба од 66.790 илјади денари и истата претставува состојба на пребиени долговни и побарувачки салда што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Долговна состојба на оваа сметка е искажана во вкупен износ од 3.126 илјади денари и тоа за износ од 2.622 илјади денари за обврски спрема правни лица, за износ од 412 илјади денари за исплатени средства на физички лица-граѓани за кој не е евидентирана документација за видот на обврската и за износ од 92 илјади денари на вработени за исплатени аванси за службени патувања а за кој не е подносена документација за извршената работа. За овој износ е потценета состојбата на оваа сметка и е потценета состојбата на сметката Активни временски разграничувања, а за истиот износ е потценета состојбата на сметката Побарувања за повеќе платени обврски и состојбата на сметката Пасивни временски разграничувања. Причина за тоа е неправилна примена на одредбите од овој закон како и ненавремено евидентирање на документацијата (фактури, градежни ситуации, решенија од градоначалникот, патни сметки и друго) што има за ефект нереални состојби во сметководството и Билансот на состојба за 2006 година.
Состојбата на оваа сметка не е реално искажана и поради тоа што во финансиските извештаи за 2006 година не се искажани и евидентираните состојби на сметките за обврските спрема добавувачите за објекти финансирани од месниот самопридонес на која евиденција е искажано долговно салдо кое претставува плаќање спрема добавувачите во вкупен износ од 11.492 илјади денари и побарувачко салдо кое претставува евидентирани обврски спрема добавувачите во износ од 5.204 илјади денари. Причина за таквата состојба е тоа што обврските по овој основ се водат на посебна евиденција и при изготвување на годишната сметка за 2006 година истите не се имале предвид.
Ефектот од предходно наведеното е нереално искажана состојба на обврските спрема добавувачите.

**Препорака:**

Надлежните во општина Кавадарци во финансиските извештаи во целост да ги искажуваат состојбите на обврските спрема добавувачите, а за долговните салда да ги утврдат причините и да ги евидентираат на соодветните сметки согласно сметковниот план за буџетите и буџетските корисници. Поради тоа е потребно да се изврши попис и и на основа документацијата да се утврдат точните состојби на обврските спрема добавувачите.

11.5.3. Состојбата на обврските за примени аванси во сметководството и Билансот на состојба е помалку искажана во износ од 52.313 илјади денари, износ кој е добиен од расположивата евиденција на општината од 4.648 илјади денари и износ од 47.665 илјади денари според документацијата на ИГМ Трејд Кавадарци еден од правните субјекти потписник на предоговори за комуналии и потврден со добиениот образец за податоците за усогласување на побарувањата и обврските на ден 31.12.2006 година и со продолжената ревизија извршена кај овој субјект во делот на деловните односи со општина Кавадарци. Причина за тоа е не евидентирање на примените средства на име аванси од правни субјекти и физички лица за надоместок за уредување на градежно земјиште по склучени преддоговори за регулирање на овој вид надоместок што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Присутна пракса во работењето на општина Кавадарци е да се склучуваат преддоговори за регулирање на меѓусебните односи во врска со авансна наплата на комунален надоместок за уредување на градежно земјиште помеѓу општината и инвеститорите. Поради тоа што се работи за авансна наплата општината била должна средствата примени по овој основ да ги евидентира како обврски за примени аванси. По исполнувањето на обврските од преддоговорите, кој обично се состојат во идна промена-усогласување на урбанистичките планови со потребите на инвеститорите и уредување на градежното земјиште на кое се гради објектот, општината со инвеститорите склучува договори како конечни документи за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште. Се дотогаш општината има обврска примените средства да ги води како обврски за примени аванси.

**Препорака:**

Надлежните во општината се должни согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, средствата примени како аванси да ги евидентираат како обврски за примени аванси се до моментот на исполнување на превземените обврски по иститe.

11.5.4. Состојбата на сметката Побарувања од буџетот е повеќе искажана за износ од 138 илјади денари за кој износ е нереално искажан Вишокот на приходите над расходите поради неосновано искажани побарувања превземени од укинатиот Фонд за комуналии и локални патишта и истовремено се нереално искажани Финансиски и пресметковни односи во меѓусебните односи со фондот во износ од 290 илјади денари, поради примени аванси од Фондот од 2002 година кој не се вратени до денот на престанување со работа на фондот. Имено со укинувањата на локалните фондови, сите надлежности преминуваат на Органот, побарувањата и обврските кои што Фондот на општина Кавадарци ги има од Буџетот на Општината, не се меѓусебно пребиени и усогласени.

**Препорака:**

Да се изврши усогласување на побарувањата и обврските кои произлегуваат од меѓу себното работење на Фондот и Буџетот на општина Кавадарци и со акт на надлежниот орган да се изврши расчистување на ваквите состојби во сметководствента евиденција на општина Кавадарци.

11.5.5. Состојбата на сметката Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции е искажана во износ од 336 илјади денари и претставува салдо од минати години што е спротивно на одредбите од Законот за буџетите. Надлежните служби не превзеле активности за расчистување на овие состојби иако 161 илјади денари од овие средства се исплатени на лица кој не се редовно вработени во општината туку се времено ангажирани. На ревизијата и беа презентирани документи: (сметкопотврди, списоци и слично) со кои е извршено плаќање во готово по разни основи: подготовки за манифестации, спортски настани, исплати на времено ангажирани лица и слично, кои документи не се сметководствено евиденитрани. Ревизијата не можеше да утврди дали некои од овие документи се поврзани со веќе исплатните аванси.

Исплатата на авансите не се евидентира како расход со што директно се влијае на реално искажување на Вишокот на приходи над расходите.
Оваа состојба е резултат на слаба комуникација на службите и недоволната екипираност на одделението за сметководство.
Сето тоа придонесува за нереално проценување на билансните позиции и изготвување на нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
- да се изврши евидентирање на докуметацијата која не е навремено доставена во сметководството;
- да се изврши расчистување на побарувањата со задолжените лица, и
- при секоја промена на паричните средства да се применува сметководственото начело на парично искажување .

11.5.6. Состојбата на Вишокот на приходи над расходи за пренос во наредна година во износ од 2.216 илјади денари не е усогласена со состојбата на паричните средства кои на 31.12.2006 година изнесуваат една илјада денари. Тоа не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и се јавува поради пресметковно утврдување на вишокот на приходи над расходи во претходните години.
**Препорака:**
Да се изврши усогласување на сметките за Парични средства со Вишокот на приходите над расходите.

**11.6. Не применување на одредбите од Законот за јавни набавки**

11.6.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки (Службен Весник 19/04...109/05 ) и тоа:

- Спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки извршени се четири набавки од мала вредност во вкупен износ од 211 илјади денари без да се спроведе постапка за јавна набавка, а се однесуваат на:
- фотокопирање на материјали за седници, комисии во износ од 81 илјади денари;
- изработка на буренца за манифестација Св. Трифун, во износ од 24 илјади денари;
- обезбедување од Агенција за обезбедување имоти и лица, во износ од 20 илјади денари и
- изработка на 10 метални клупи и 6 метални корпи, во износ од 86 илади денари.

- Спротивно на Законот за јавни набавки, спроведена е постапка за јавна набавка за објектот Дополнителна припрема и асфалтирање улици во МЗ „Љубаш„ и покрај тоа што работите на овој објект биле завршени. Со изведувачот Гранит АД Скопје е склучен договор број 03-1566/8 од 08.06.2006 износ 3.538 илјади денари за работи на Припрема и асфалтирање улици во МЗ „Љубаш„. Од страна на изведувачот Гранит АД Скопје испоставена е 1 времена ситуација за извршени работи заклучно со јуни 2006 на износ од 4.864 илјади денари што е поголема од договорениот износ за 1.326 илјади денари или 37,50% што е спротивно на членот 67 став2 од Законот за јавни набавки и за истото не е побарана согласност од Бирото за јавни набавки што е спротивно на членот 66 сав 1 од Законот. За да се изврши покривање на настанатото пречекорување надлежните во општина Кавадарци имаат спроведено постапка за јавна набавка за Дополнителна припрема и асфалтирање улици во МЗ „Љубаш„ и покрај тоа што работите на овој објект биле завршени. Во врска со ова склучен е договор со истиот изведувач Гранит АД Скопје, број 03-1949/6 од 13.10.2006 износ 3.915 илјади денари.

Во претходно наведениот случај постапено е спротивно на Законот за јавни набавки поради тоа што само формално е спроведена постапка за јавна набавка за веќе завршени работи .

- склучените Договори за секоја пооделно јавна набавка не се доставени до Бирото за јавни набавки,
- склучувани се и Анекс Договори за кои немаат добиена претходна согласност од Бирото за јавни набавки и
- немаат потпишано изјави за конфликт на интереси за секоја одделно јавна набавка.

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

12. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 11.2. до 11.5. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Кавадарци на 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 11.4. и 11.6. кај Органот на општина Кавадарци не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа за 2006 година.

**14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на Општина Кавадарци во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**14.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

14.1.1. Состојбата на материјалните средства во Билансот на состојба на 31.12.2006 година е потценета за износ од 47.979 илјади денари и за истиот износ е потценета состојбата на изворите на средствата. Ова е поради не евидентирање на сметките на материјални средства и извори на средствата, на документацијата (фактури, градежни ситуации) за 2006 година а се однесуваат за реконструкција и изградба на објекти од јавен интерес, изградба на улици, патишта, водоводи и слично.
За неправилностите во искажувањето на позициите од Билансот на состојба во текот на ревизијата спроведена е исправка за што на ревизијата и се дадени налози за книжење од 1 до 7 од 03.04 2007 година за спроведено книжење и истите се инкорпорирани во рекласифицираните финансиски извештаи на страна 15 од овој извештај.

14.1.2. Состојбата на сметката Залиха на ситен инвентар и сметката Останат капитал, во сметководството и Билансот на состојба на 31.12.2006 година е прецецета за износ од156 илјади денари, за кој износ е потценета состојбата на Ситниот инвентар во употреба и Исправката на вредноста на ситниот инвентар во употреба, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради тоа што ситниот инвентар е во употреба, а не на залиха.
За неправилностите во искажувањето на позициите од Билансот на состојба во текот на ревизијата спроведена е исправка за што на ревизијата и е даден налог за книжење број 3 од 04.04.2007 година за спроведено книжење и истите се инкорпорирани во рекласифицираните финансиски извештаи на страна 15 од овој извештај.

14.1.3. Состојбата на сметката Обврски спрема добавувачите не е реално искажана и поради тоа што во финансиските извештаи за 2006 година не е искажана и евидентирана состојбата на обврската за набавеното возило на лизинг во износ од 1.362 илјади денари.
За неправилностите во искажувањето на позициите од Билансот на состојба во текот на ревизијата спроведена е исправка за што на ревизијата и е даден налог за книжење број 8 од 29.03.2007 година за спроведено книжење и иститe се инкорпорирани во рекласифицираните финансиски извештаи на страна 15 од овој извештај.

15. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2001 година, ревизијата констатира дека не се превземени мерки за корегирање на состојбите по утврдените наоди.

16. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека општина Кавадарци е тужена страна во судски спорови-парнични предмети со 21 (дваесет и еден) субјект од кој 7 (седум) правни субјекти, и 14 (четиринаесет) физички лица, за вкупен износ од 70.046 илјади денари. За 12 (дванаесет) предмети не е определена вредност.
Општина Кавадарци е тужена страна во судски спорови-вонпарнични предмети со 6 (шест) субјекти физички лица, за вкупен износ од 1.579 илјади денари. За 2 (два) предмети не е определена вредноста.
Општина Кавадарци се јавува како тужител во 49 постапки-парнични предмети со 49 (четириесет и девет) субјекти од кој 10 (десет) правни субјекти и 39 (триесет и девет) физички лица за ненаплатен долг во вкупен износ од 15.664 илјади денари.
Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Кавадарци за годината која завршува со 31 Декември 2006 година.

**Скопје, 08.06. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

## ОРГАН НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 0 | 130 |
| Трансфери и донации | 3.1. | 100,642 | 127,073 |
| **Вкупно приходи** | | **100,642** | **127,203** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 15,631 | 13,734 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 264 | 70 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 26,053 | 31,244 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | | 0 | 1,836 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 4,891 | 4,524 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 1,603 | 721 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **48,442** | **52,129** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.2.6. | 49,984 | 73,055 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **49,984** | **73,055** |
| **Вкупно расходи** | | **98,426** | **125,184** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **2,216** | **2,019** |

## ОРГАН НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2006 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1. | 1 | 21 |
| Побарувања | 4.2. | 138 | 138 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.3. | 336 | 344 |
| Активни временски разграничувања | 4.4. | 72,265 | 42,608 |
| **Вкупно тековни средства** | | **72,740** | **43,111** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.5.1. | 196 | 196 |
| Материјални средства во подготовка | 4.5.1. | 47,978 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **48,174** | **196** |
| **Вкупна актива** | | **120,914** | **43,307** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 4.6.1. | 916 | 1,089 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.6.2. | 68,152 | 39,620 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.6.3. | 12 | 12 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.6.4. | 78 | 78 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.6.5. | 290 | 290 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.6.6. | 1,075 | 3 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.6.7. | 50,195 | 2,019 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **120,718** | **43,111** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.7.1. | 196 | 196 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **196** | **196** |
| **Вкупна пасива** | | **120,914** | **43,307** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **196** | **-** | **196** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **196** | - | **196** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Бр.1205-220/16***
***Скопје, 16.07. 2007 година***

Согласно член 23 став 5, 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ„, бр 65/97………..70/06) , е добиен Приговор број 1204 – 220/14 од 28.06.2007 година, по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на сметката на Органот за 2006 година на Општина Кавадарци број 220/7 од 14.06.2007 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното :

***Р Е Ш Е Н И Е***
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот по наодите од точките 11.4.1.; 11.4.2.;11.4.3.; 11.4.4. и 11.5.3. од Конечниот Извештај за извршена ревизија на Општина Кавадарци сметка на Органот на општина Кавадарци, од Градоначалникот на општина Кавадарци не се прифаќа.

2. Решението по доставениот Приговор на Конечниот извештај всушност претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Органот на Општина Кавадарци поднесен е приговор број 1204 – 220/14 од 28.06.2007 година од Градоначалникот на општина Кавадарци.

Образложението за неприфаќање на Приговорот е следното:

1. Приговорот на точката 11.4.1. кој се однесува на наодот во делот на исплати на плати и надоместоци повисоки од утврдените со законската регулатива, **не се прифаќа,** од причина што сите исплати кои се во повисоки износи од утвредните со законските прописи се незаконски и придонесуваат до појава на нереално зголемени трошоци.

2. Приговорот на наодот од точката 11.4.2. а кој се однесува на исплата на дневници на Градоначалникот за учество во работата на комисиите на Советот **не се прифаќа**, од причина што за исплатите не постои законски основ а уште повеќе кога за еден ден се исплаќани и по повеќе дневници. Тргнувајќи од

законските одредби дека цела дневница се исплаќа за над 12 часа, од каде е основот за исплата на две или повеќе дневници за еден ден. Одлуките кои регулираат одредени права на советниците и на градоначалникот треба да се засниваат на позитивните законски прописи. Во прилог на приговорот на ревизијата и е доставен доказ за поврат на незаконски исплатените дневници од страна на Градоначалникот.

3. Приговорот на наодот од точка 11.4.3. кој се однесува за користење на приватно возило за службени цели и во деновите кога службените возила се слободни, **не се прифаќа**, од причина што за користење на приватно возило за службени цели надлежен орган нема донесено интерен акт со кој ќе се пропише кога и во кои случаи ќе се користи сопствено возило за службени цели.

4. Приговорот во делот на наодот од точка 11.4.4. кој се однесува на исплата на еднократна парична помош и разни расходи на штрајкувачите лозаропроизводители за неисплатеното грозје од реколтата 2005, **не се прифаќа,** од причина што согласно Законот за социјална заштита, социјалната заштита е доделана на јавните установи за социјална заштита. Доколку општината издвоила средства за оваа намена, Советот требало да донесе соодветна програма која ќе се дистрибуира до јавната установа за социјална заштита која ќе спроведе соодветна постапка и ќе изврши распределба на планираните средства.

5. Приговорот по наодот од точка 11.5.3. кој се однесува на евидентираните приходи по основ на преддоговорите кои не се евидентирани како обврски за примени аванси, **не се прифаќа,** од причина што е постапено спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Скопје 11.07.2007 година**

**Главен државен ревизор,**
**Д-р Драгољуб Арсовски**